# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА КОЧАНИ

| БРОЈ 12 | КОЧАНИ, 30 Септември 2024 ГОДИНА | ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА |
|---|---|---|

Врз основа на членот 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), Градоначалникот на Општина Кочани, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани одржана на 30.09.2024 година

I.

Ги објавувам актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани, одржана на 30.09.2024 година, и тоа:

1.Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Кочани за 2024 година, Бр.09-1480/1

2.Одлука за измена на распоред на средства и проширување на средствата на буџетот на Општина Кочани за 2024 година, Бр.09-1479/1

3.Одлука за непроширување на плански опфат во идната урбанистичко - планска докумен-тација за бесправно изградените објекти на КП бр. 5967/1 КО Тркање и КП бр. 1510/1 КО Горни Подлог, кои се изградени надвор од плански опфат, Бр.09-1482/1

4.Одлука за неусогласување на намените во идната урбанистичко-планска документација за бесправно изградените објекти на КП бр.16519, КП бр.11122, КП бр.4738/1, КП бр.9985/1 и КП бр.4766/3 КО Кочани, чија намена не е во согласност со намената на земјиштето на кое се изградени објектите утврдена во важечката урбанистичко-планска документација, Бр.09-1483/1

5.Одлука за проширување на плански опфат во идната урбанистичко-планска документација за бесправно изградениот објект на КП бр. 926/1 и КП бр. 927/1 КО Пантелеј, КП бр.8218 КО Кочани, КП бр. 1011 КО Тркање и КП бр. 3877 КО Полаки, кои се изградени надвор од плански опфат, Бр.09-1484/1

6.Одлука за вршење на техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП Б68.15, (КП 14280/1 и КП 14280/2 КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.) , Бр.09-1486/1

7.Заклучок за усвојување на извештаите за работењето на општинските средни училишта за учебната 2023 -2024 година, Бр.09-1475/1

8.Заклучок за усвојување на годишните програми за работа на општинските средни училишта за учебната 2024 - 2025 година, Бр.09-1476/1

9.Заклучок за давање согласност за формирање комбинирана паралелка со помал број ученици во ООУ„Крсте Петков Мисирков”с.Оризари- Кочани во ПУ с. Прибачево за учебната 2024-2025 година, Бр.09-1477/1

10.Заклучок за давање согласност на ОУ„ Св.Кирил и Методиј”- Кочани за формирање паралелки со помал број ученици за учебната 2024-2025 година, Бр.09-1478/1

11.Заклучок во врска со Барање за обезбедување на финансиска помош за опремување на учениците од сите основни училишта на територијата на општина Кочани со сет униформи (горен дел), на барање и позитивен став и поддршка од Советите на родители на сите основни училишта во општината, Бр.09-1485/1

12.Решение за формирање Комисија за унапредување на правата на пациентите на подрачјето на општина Кочан, Бр.09-1481/1

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 08-1487/1
30.09.2024 година
К о ч а н и

Градоначалник
на Општина Кочани,
Љупчо Папазов

Врз основа на членот 99 од од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.09. 2024 година, донесе

ПРОГРАМА
за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Кочани за 2024 година

Член 1

Заради задоволување на интересот на правните и физичките лица за отуѓување на градежно земјиште, сопственост на Република Северна Македонија, а со кое располага Општина Кочани, со оваа Програма се врши дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Кочани за 2024 година („Службен гласник на Општина Кочани” бр.12/2023 и 14/2023), се врши следната измена и дополна:

Долнувањето на Програмата всушност претставува проширување односно зголемување на бројот на градежни парцели кои во рамките на годишната Програма за 2024 година се предвидени како предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија. Програмата се дополнува со градежните парцели што се наоѓаат на територијата на Општина Кочани.

Градежните парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање се дадени во Табела за јавно наддавање за 2024 година-измена 3, која е составен дел на оваа програма.

Член 2

Во делот на Проценката на финансиските приливи по основ на реализација на Дополната на Програмата, се врши следната дополна и измена на вкупните приходи:

Приходи:
18.Лесна и незагадувачка индустрија Г2
317.439,00 ден.
19.Хотелски комплекси Б5
976.617,00 ден.

Вкупно: 1.294.056,00 ден.

СÈ ВКУПНО ПРИХОДИ:
86.015.091,00 ден.

- Во точка 3 став 2 кој гласи:

„ Оваа Програма нуди поголема можност за избор од страна на заинтересираните странки за отуѓување на градежното земјиште, а согласно Законот за градежно земјиште приходите од овие средства се распределуваат во соодност 20% за Република Северна Македонија и 80% за Општина Кочани,и тоа:

- 20 % на Република Северна Македонија - 16.944.207,00 ден.
- 80 % на Општина Кочани - 67.776.828,00 ден.

се менува и гласи:

„ Оваа Програма нуди поголема можност за избор од страна на заинтересираните странки за отуѓување на градежното земјиште, а согласно Законот за градежно земјиште приходите од овие средства се распределуваат во соодност 20% за Република Северна Македонија и 80% за Општина Кочани,и тоа:

- 20 % на Република Северна Македонија - 17.203.019,00 ден.

- 80 % на Општина Кочани - 68.812.072,00 ден.

Точка 4 која гласи:
4. Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата

Расходи:
Финансиските средства потребни за реализација на програмате се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:

-Трошоци по основ на администрирање на постапките за отуѓување на градежното земјиште 680.000,00 ден.
-трошоци по основ на експропријација - 5.000.000,00 ден.
-трошоци за рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште - 100.000,00 ден.

Вкупно: 5.780.000,00 ден.
Се менува и гласи:
4.Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата

Расходи:
Финансиските средства потребни за реализација на програмате се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:

-Трошоци по основ на администрирање на постапките за отуѓување на градежното земј иште 700.000,00 ден.
-трошоци по основ на експропријација - 5.000.000,00 ден.
-трошоци за рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште - 100.000,00 ден.

Вкупно: 5.800.000,00 ден.

Член 3

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службениот гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1480/1
30.09.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ 5/2002)а во врска со член 33и 34 став 4 од Законот за буџети(Сл.весник на РМ 64/2005,4/2008,103/08,156/09,95/110,180/11,171/12,192/15 и167/16)и "Службен весник на РСМ"бр 151/21 Советот на општина Кочани на 52-та седница одржана на ден 30.09.2024 година донесе:

# О Д Л У К А

За измена на распоред на средства и проширување на средствата на буџетот на Општина Кочани за 2024 година

## Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоред на средства и проширување на средствата на Буџетот на Општина Кочани за 2024 година, на следниот начин:

| Потпрограма Потставка | БУЏЕТ | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потаставки : | | | | |
| **A00 СОВЕТ НА ОПшТИНА** | | | | |
| 741114 Пренесен вишок на Приходи од претходната година | 0 | 1.317.000 | 0 | 0 |
| 742119 Други општи и тековни донации | 0 | 0 | 1.163.000 | 0 |
| 741120 Блок дотации на општината по одделни намени | 0 | 14.672.000 | 0 | 0 |
| 743211 Капитални донации | 0 | 0 | 300.000 | 0 |
| | **0** | 15.989.000 | 1.463.000 | **0** |
| и се распредуваат на следните расходни потаставки : | | | | |
| **J00 ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА** | | | | |
| 425990 Други договорни услуги | 0 | 0 | 300.000 | 0 |
| **K10 БИБЛИОТЕКАРСТВО** | | | | |
| 401130 Основни плати - други вработени | 0 | -110.000 | 0 | 0 |
| 401310 Персонален данок на доход од плата | 0 | -20.000 | 0 | 0 |
| 401320 Персонален данок на доход од надоместоци | 0 | -20.000 | 0 | 0 |
| 402110 Основни придонеси за ПИО | 0 | -100.000 | 0 | 0 |
| 402210 Основни придонеси за здравство | 0 | -50.000 | 0 | 0 |
| 402310 Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 0 | -50.000 | 0 | 0 |
| 404110 Надомест за годишен одмор | 0 | -40.000 | 0 | 0 |
| 421110 Електрична енергија | 0 | 57.000 | 0 | 0 |
| 421120 Водовод и канализација | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 421320 Телефон и телефакс | 0 | 65.000 | 0 | 0 |
| 423110 Канцелариски материјали | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 427110 Привремени вработувања | 0 | 236.000 | 0 | 0 |
| 485710 Книги за библиотеки и учебници | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| **N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 401130 Основни плати - други вработени | 0 | -1.467.000 | 0 | 0 |
| 401310 Персонален данок на доход од плата | 0 | 570.000 | 0 | 0 |
| 401320 Персонален данок на доход од надоместоци | 0 | 118.000 | 0 | 0 |
| 402110 Основни придонеси за ПИО | 0 | -163.000 | 0 | 0 |
| 402210 Основни придонеси за здравство | 0 | -30.000 | 0 | 0 |
| 402220 Основен придонес за професионално заболување | 0 | -76.000 | 0 | 0 |
| 402310 Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 0 | 73.000 | 0 | 0 |
| 404110 Надомест за годишен одмор | 0 | 882.000 | 0 | 0 |
| 420120 Патување во земјата - патни расходи | 0 | 6.000 | 0 | 0 |
| 420210 Патување во странство - хранарина (дневница) | 0 | 0 | 140.000 | 0 |
| 420220 Патување во странство - патни расходи | 0 | 0 | 190.000 | 0 |
| 420230 Патување во странство - сместување | 0 | 0 | 200.000 | 0 |
| 420240 Патување во странство - споредни расходи | 0 | 0 | 80.000 | 0 |
| 421110 Електрична енергија | 0 | 130.000 | 0 | 0 |
| 421120 Водовод и канализација | 0 | 1.338.000 | 0 | 0 |
| 421210 Централно греење | 0 | 50.000 | 0 | 0 |
| 421220 Дрва | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 421240 Течни горива | 0 | 369.000 | 0 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 421310 | Пошта | 0 | 39.000 | 0 | 0 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 421390 | Други трошоци за комуникација | 0 | 125.000 | 0 | 0 |
| 421440 | Транспорт на луѓе | 0 | 22.000 | 0 | 0 |
| 423110 | Канцелариски материјали | 0 | 175.000 | 0 | 0 |
| 423120 | Списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените | 0 | 60.000 | 0 | 0 |
| 423210 | Материјали за АОП | 0 | 25.000 | 0 | 0 |
| 423310 | Униформи | 0 | 155.000 | 0 | 0 |
| 423320 | Обувки | 0 | 25.000 | 0 | 0 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | 200.000 | 0 | 0 |
| 423610 | Наставно-образовни помагала | 0 | 721.000 | 0 | 0 |
| 423620 | Училишни материјали | 0 | 150.000 | 0 | 0 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | 0 | 125.000 | 0 | 0 |
| 423720 | Материјали за разни поправки | 0 | 120.000 | 0 | 0 |
| 423810 | Ситен инвентар | 0 | 400.000 | 0 | 0 |
| 423910 | Други материјали за специјална намена | 0 | 60.000 | 0 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 0 | 205.000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 895.000 | 0 | 0 |
| 424220 | Услуги за обезбедување на објекти | 0 | 40.000 | 0 | 0 |
| 424230 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 0 | 98.000 | 0 | 0 |
| 424390 | Одржување на други градби | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 424410 | Поправки и одржување на мебел | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 424420 | Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | 0 | 103.000 | 0 | 0 |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 0 | 121.000 | 0 | 0 |
| 424510 | Одржување на зелени површини околу згради | 0 | 116.000 | 0 | 0 |
| 425190 | Изнајмување на друга опрема и опрема за специјални намени | 0 | 5.000 | 0 | 0 |
| 425230 | Осигурување на вработени (несреќи, живот) | 0 | 1.000 | 0 | 0 |
| 425240 | Осигурување за повреда и инвалидитет | 0 | 50.000 | 0 | 0 |
| 425250 | Осигурување на недвижности и права | 0 | 49.000 | 0 | 0 |
| 425290 | Други финансиски услуги | 0 | 56.000 | 0 | 0 |
| 425310 | Правни услуги | 0 | 50.000 | 0 | 0 |
| 425360 | Плаќање на судски такси | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 425420 | Примарна здравствена заштита | 0 | 105.000 | 0 | 0 |
| 425490 | Други здравстевени услуги | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 425740 | Дополнителни активности | 0 | 55.000 | 0 | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 573.000 | 0 | 0 |
| 425790 | Други образовни услуги | 0 | 200.000 | 0 | 0 |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 0 | 144.000 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 719.000 | 0 | 0 |
| 426120 | Членарини во домашни организации | 0 | 1.000 | 0 | 0 |
| 426310 | Семинари и конференции | 0 | 35.000 | 0 | 0 |
| 426410 | Објавување на огласи | 0 | 194.000 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 77.000 | 0 | 0 |
| 464940 | Трансфери при пензионирање | 0 | -450.000 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 780.000 | 0 | 0 |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 0 | 115.000 | 0 | 0 |
| 480190 | Купување на друга опрема | 0 | 820.000 | 0 | 0 |
| 481230 | Реконструкција на деловни објекти | 0 | 282.000 | 0 | 0 |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | 0 | 60.000 | 0 | 0 |
| **N20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | -597.000 | 0 | 0 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 22.000 | 0 | 0 |
| 401320 | Персонален данок на доход од надоместоци | 0 | 43.000 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | -280.000 | 0 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 130.000 | 0 | 0 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 0 | -20.000 | 0 | 0 |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 0 | -40.000 | 0 | 0 |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 0 | 414.000 | 0 | 0 |
| 420120 | Патување во земјата - патни расходи | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 420130 | Патување во земјата - сместување | 0 | 0 | 14.000 | 0 |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 380.000 | 0 | 0 |
| 421120 | Водовод и канализација | 0 | 20.000 | 0 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 421130 | Ѓубретарина | 0 | 150.000 | 0 | 0 |
| 421210 | Централно греење | 0 | 840.000 | 0 | 0 |
| 421240 | Течни горива | 0 | 900.000 | 0 | 0 |
| 421310 | Пошта | 0 | -20.000 | 0 | 0 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 0 | 95.000 | 0 | 0 |
| 421390 | Други трошоци за комуникација | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 423110 | Канцелариски материјали | 0 | 70.000 | 0 | 0 |
| 423120 | Списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените | 0 | 31.000 | 0 | 0 |
| 423610 | Наставно-образовни помагала | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 423620 | Училишни материјали | 0 | 15.000 | 0 | 0 |
| 423810 | Ситен инвентар | 0 | -20.000 | 0 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 0 | 21.000 | 0 | 0 |
| 424110 | Поправки и сервисирање на лесни возила (вклучува¼ӡ резервни делови, гуми) | 0 | 0 | -10.000 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 424230 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 0 | 15.000 | 0 | 0 |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 0 | 25.000 | 0 | 0 |
| 424510 | Одржување на зелени површини околу згради | 0 | 15.000 | 0 | 0 |
| 425250 | Осигурување на недвижности и права | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 425290 | Други финансиски услуги | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 425310 | Правни услуги | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 425420 | Примарна здравствена заштита | 0 | 70.000 | 0 | 0 |
| 425490 | Други здравстевени услуги | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 425720 | Услуги за развој на наставниот план и програма | 0 | 0 | -50.000 | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 3.226.000 | 0 | 0 |
| 425790 | Други образовни услуги | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 0 | 35.000 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 70.000 | 0 | 0 |
| 426210 | Расходи за репрезентација | 0 | -20.000 | 0 | 0 |
| 426410 | Објавување на огласи | 0 | 70.000 | 0 | 0 |
| 464910 | Плаќање по судски решенија | 0 | 108.000 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 42.000 | 0 | 0 |
| **NA0** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 0 | 0 | 550.000 | 0 |
| **NB0** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 480160 | Купување на опрема за греење и климатизација | 0 | 0 | 49.000 | 0 |
| W00 | **Противпожарна заштита** | | | | |
| 401130 | Основни плати др. вработени | 298.000 | | | |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 96.000 | | | |
| E00 | **Општинска администрација** | | | | |
| 401120 | Основни плати државни службеници | -94.000 | | | |
| 452410 | Камата на кредити | -300.000 | | | |
| | | | 15.989.000 | 1.463.000 | |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во Службен гласник на Општина Кочани и станува составен дел од Буџетот на Општина Кочани за 2024 година.

Бр. 09-1479/1
30.09.2024

Претседател на Совет
на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на член 10 став 4 и член 12 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија„ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 174/21), член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија„ бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 30.09. 2024 година, донесе

ОДЛУКА
за непроширување на плански опфат во идната урбанистичко - планска документација за бесправно изградените објекти на КП бр. 5967/1 КО Тркање и КП бр. 1510/1 КО Горни Подлог, кои се изградени надвор од плански опфат

Член 1

Се утврдува непроширување на плански опфат во идната урбанистичко -планска документација за бесправно изградените објекти на КП бр. 5967/1 КО Тркање и КП бр. 1510/1 КО Горни Подлог, кои се изградени надвор од плански опфат.

Член 2

1.Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација нема да се изврши проширување на плански опфат за бесправно изградениот објект изграден надвор од плански опфат со намена куќа во селски стопански дворови (А1-5), означен како зграда 1, изграден на КП бр. 5967/1 КО Тркање запишана во Имотен лист бр. 245 за КО Тркање.

2.Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација нема да се изврши проширување на плански опфат за бесправно изградениот објект изграден надвор од плански опфат со намена индивидуална станбена зграда (А1-1), означен како зграда 1, изграден на КП бр. 1510/1 КО Горни Подлог запишана во Имотен лист бр. 554 за КО Горни Подлог.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09-1482/1
30.09.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на член 10 став 4 и член 12 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија„ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 174/21), член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија„ бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 30.09. 2024 година, донесе

О Д Л У К А
за неусогласување на намените во идната урбанистичко-планска документација за бесправно изградените објекти на КП бр.16519, КП бр.11122, КП бр.4738/1, КП бр.9985/1 и КП бр.4766/3 КО Кочани, чија намена не е во согласност со намената на земјиштето на кое се изградени објектите утврдена во важечката урбанистичко-планска документација.

Член 1

Се утврдува неусогласување на намените во идната урбанистичко-планска документација за бесправно изградените објекти на КП бр.16519, КП бр.11122, КП бр.4738/1, КП бр.9985/1 и КП бр.4766/3 КО Кочани, чија намена не е во согласност со намената на земјиштето на кое се изградени објектите утврдена во важечката урбанистичко-планска документација.

Член 2

1.Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација нема да се изврши усогласување на намена – Б2 – големи трговски единици, дефинирана со ГУП за град Кочани, со Тех. бр. 186/13, донесен со Одлука бр.09-1401/1 од 15.07.2016 год., заради вклопување на бесправно изградениот објект, означен како зграда 2 со намена А5-3 – шупа, изграден на КП бр.16519 КО Кочани запишан на Имотен лист бр.4171 за КО Кочани.

2.Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација нема да се изврши усогласување на намена – Д2 – заштитно зеленило, дефинирана со ДУП за ГЧ5 од ГУП за град Кочани, Тех. бр. 0801/489-18, донесен со Одлука бр.09-464/1 од 17.02.2024, заради вклопување на бесправно изградениот објект, означен како зграда 21 со намена индивидуална станбена зграда (А1-1), изграден на КП бр.9985/1 КО Кочани е запишан на Имотен лист бр.1 за КО Кочани.

3.Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација нема да се изврши усогласување на намена – Д2 – заштитно зеленило, дефинирана со ДУП за ГЧ5 од ГУП за град Кочани, Тех. бр. 0801/489-18, донесен со Одлука бр.09-464/1 од 17.02.2024 год., заради вклопување на бесправно изградениот објект, означен како зграда 44 со намена индивидуална станбена зграда (А1-1), изграден на КП бр.4738/1 КО Кочани запишан на Имотен лист бр.1 за КО Кочани.

4.Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација нема да се изврши усогласување на намена Д2 – заштитно зеленило, дефинирана со ДУП за ГЧ5 од ГУП за град Кочани, Тех. бр. 0801/489-18, донесен со Одлука бр.09-464/1 од 17.02.2024 год. заради вклопување на бесправно изградениот објект, означен како зграда 35 со намена индивидуална станбена зграда (објект наменет за домување во станбени куќи - А1-1), изграден на КП бр.4766/3 КО Кочани запишан на Имотен лист бр.1 за КО Кочани.

5.Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација нема да се изврши усогласување на намена Д3 – спорт и рекреација, дефинирана со ДУП за ГЧ5 од ГУП за град Кочани, Тех. бр. 0801/489-18, донесен со Одлука бр.09-464/1 од 17.02.2024 год. заради вклопување на бесправно изградениот објект, означен како зграда 21 со намена индивидуална станбена зграда (објект наменет за домување во станбени куќи - А1-1), изграден на КП бр.11122 КО Кочани запишан на Имотен лист бр.1 за КО Кочани.

6.Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација нема да се изврши усогласување на намена Д2 – заштитно зеленило, дефинирана со ДУП за ГЧ5 од

ГУП за град Кочани, Тех. бр. 0801/489-18, донесен со Одлука бр.09-464/1 од 17.02.2024 год. заради вклопување на бесправно изградениот објект, означен како зграда 24 со намена помошен објект (А5-4), изграден на КП бр.11122 КО Кочани запишан на Имотен лист бр.1 за КО Кочани.

7.Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација нема да се изврши усогласување на намена – Д2 – заштитно зеленило, дефинирана со ДУП за ГЧ5 од ГУП за град Кочани, Тех. бр. 0801/489-18, донесен со Одлука бр.09-464/1 од 17.02.2024, заради вклопување на бесправно изградениот објект, означен како зграда 20 со намена индивидуална станбена зграда (А1-1), изграден на КП бр.9985/1 КО Кочани е запишан на Имотен лист бр.1 за КО Кочани.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани„.

Бр.09-1483/1
30.09.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на член 10 став 4 и член 12 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија„ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 174/21), член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија„ бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 30.09. 2024 година, донесе

О Д Л У К А
за проширување на плански опфат во идната урбанистичко-планска документација за бесправно изградениот објект на КП бр. 926/1 и КП бр. 927/1 КО Пантелеј, КП бр.8218 КО Кочани, КП бр. 1011 КО Тркање и КП бр. 3877 КО Полаки, кои се изградени надвор од плански опфат

Член 1

Се утврдува проширување на плански опфат во идната урбанистичко-планска документација за бесправно изградените објекти на КП бр. 926/1 и КП бр. 927/1 КО Пантелеј, КП бр.8218 КО Кочани, КП бр. 1011 КО Тркање и КП бр. 3877 КО Полаки, кои се изградени надвор од плански опфат

Член 2

1.Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација да се изврши проширување на плански опфат за бесправно изграден обеjкт со намена викенд куќа (А4), означена како зграда 1, изграден на КП бр. 926/1 КО Пантелеј запишан во Имотен лист бр. 138 за КО Пантелеј.

2.Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација да се изврши проширување на плански опфат за бесправно изграден обеjкт со намена викенд куќа (А4), означена како зграда 1, изграден на КП бр. 927/1 КО Пантелеј запишан во Имотен лист бр. 138 за КО Пантелеј.

3.Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација да се изврши проширување

на плански опфат за бесправно изграден обејкт со намена викенд куќа (А4-3), означен како зграда 2, изграден на КП бр. 8218 КО Кочани запишан во Имотен лист бр. 1 за КО Кочани и бесправно изграден обејкт со намена помошен објект (ПО), означен како зграда 3, изграден на КП бр. 8218 КО Кочани запишан во Имотен лист бр. 1 за КО Кочани.

4.Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација да се изврши проширување на плански опфат за бесправно изграден обејкт со намена лесна и незагадувачка индустрија (Г2-1), означен како зграда 1, изграден на КП бр. 1011 КО Тркање запишан во Имотен лист бр. 942 за КО Тркање.

5.Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација да се изврши проширување на плански опфат за бесправно изграден објект изграден надвор од плански опфат заради вклопување на бесправно изграден обејкт со намена индивидуална станбена зграда (А1-1), означена како зграда 1, изграден на КП бр. 3877 КО Полаки запишан во Имотен лист бр. 593 за КО Полаки.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1484/1
30.09.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на член 36 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 32/20, 111/23 и 171/24), Советот на Општина Кочани на седница одржана на 30.09.2024 година, донесе

ОДЛУКА
за вршење на техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП Б68.15, (КП 14280/1 и КП 14280/2 КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.)

Член 1

Со оваа Одлука се врши техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП Б68.15, (КП 14280/1 и КП 14280/2 КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.), по добиеното позитивно мислење бр. 22-234/2 од 25.09.2024г. од Комисија за урбанизам, формирана со Решение бр. 22-1885/2 од 05.10.2021 година од градоначалникот на општина Кочани.

Предмет на техничката исправка е промена на нумеричките показатели за ГП Б 68.15, во табелите со геометриски вредности од графичкиот прилог од планската документација Измена и дополнување на Детален урбанистички на град Кочани ( донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998 г.), односно:

- Во табеларниот приказ со нумеричи показатели од Планска документација на Измена и дополнување на Детален урбанистички план на град Кочани ( донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998 г.), „ Детален лист 32“ во табелата „ БРОЈ БЛОК Б68 “ , во податоците за ГП 15, ред 15, колона 4 - ( ПОВРШИНА НА ГП), бројот ” 740 “ се заменува со бројот ” 685 “, колона 5 - (ИЗГРАДЕНОСТ М2), бројот ” 406 “

се заменува со бројот ”362 “, и колона 6 - (ИЗГРАДЕНОСТ %) бројот ” 55 “ се заменува со бројот ” 53 “.

Член 2

Техничката исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП Б68.15, (КП 14280/1 и КП 14280/2 КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.) со технички бр.127/24-У од септември 2024 г. изработена од ДПРН ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје, е составен дел на Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.).

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Кочани”

Бр.09-1486/1
30.09.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.09.2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на извештаите за работењето на општинските средни училишта за учебната 2023 -2024 година

I.

Се усвојуваат извештаите за работењето на општинските средни училишта за учебната 2023 - 2024 година.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1475/1
30.09.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.09.2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојувањена годишните програми за работа на општинските средни училишта за учебната 2024 - 2025 година

I.

Се усвојуваат годишните програми за работа на општинските средни училишта за учебната 2024 - 2025 година.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1476/1
30.09.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 53 став 6 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/2020) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13,41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18, , и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20 и 269/23 ), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.09.2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање согласност за формирање комбинирана паралелка со помал број ученици во ООУ„Крсте Петков Мисирков”с. Оризари- Кочани во ПУ с. Прибачево за учебната 2024-2025 година

I

Се усвојува барањето и се дава согласност на ООУ„Крсте Петков Мисирков”с.Оризари- Кочани за формирање комбинирана паралелка во ПУ с. Прибачево со помал број на ученици за учебната 2024-2025 година .

II

Составен дел на овој Заклучок е:

ПРЕГЛЕД БР.1 Вкупен број на ученици и паралелка со помал број на ученици во ООУ „ Крсте Петков Мисирков ‘’ Оризари, Кочани за учебната 2024/2025 година

Преглед на паралелки со помал број на ученици за ООУ ,, Крсте Петков Мисирков '' Оризари,Кочани за учебната 2024/2025 година

| | ПУ -Прибачево | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одд | Паралелка | Број на ученици | Паралелка | Број на ученици | Паралелка | Број на ученици | Паралелка | Број на ученици | Паралелка | Број на ученици |
| I | | | | | | | | | | |
| II | 1 (Комбинирана) II, III, V одделение | 5 | | | | | | | | |
| III | | | | | | | | | | |
| IV | | | | | | | | | | |
| V | | | | | | | | | | |
| VI | | | | | | | | | | |
| VII | | | | | | | | | | |
| VIII | | | | | | | | | | |
| IX | | | | | | | | | | |

III

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1477/1
30.09.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 53 став 6 од Законот за основно образование („Службен весникнаРепубликаМакедонија“бр.161/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/2020) („Службен весник на Република Македонија“бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04,55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12,100/12, 24/13,41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16,127/16, 67/17, 64/18, , и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19,229/20 и 269/23 ), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.09.2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање согласност на ОУ„ Св.Кирил и Методиј”- Кочани за формирање паралелки со помал број ученици
за учебната 2024-2025 година

I

Се усвојува барањето и се дава согласност на ОУ„ Св.Кирил и Методиј”- Кочани за формирање паралелки со помал број на ученици во прво одделение во централното училиште и комбинирање на паралелка со помал број ученици во ПУ с. Бели за учебната 2024-2025 година

II

Составен дел на овој Заклучок е:

ПРЕГЛЕД БР.1 Вкупен број на ученици и паралелка со помал број на ученици во ОУ„ Св.Кирил и Методиј”- Кочани за учебната 2024/2025 година

Преглед на паралелки со помал број на ученици за ОУ„Св.Кирил и Методиј”- Кочани за учебната 2024/2025 година

| Одд | Паралелка | Број на ученици | Паралелка | Број на ученици | Паралелка | Број на ученици | Паралелка | Број на ученици | Паралелка | Број на ученици | Комбинирана Паралелка-1 прво, второ, третто одделение | Број на ученици |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | I-1 | 15 | I-2 | 15 | I-3 | 18 | | | | | I-6,II-6,III-6 | 6 |

III

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1478/1
30.09.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.09.2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К
во врска со Барање за обезбедување на финансиска помош за опремување на учениците од сите основни училишта на територијата на општина Кочани со сет униформи (горен дел), на барање и позитивен став и поддршка од Советите на родители на сите основни училишта во општината

I.

Во врска со Барањето за обезбедување на финансиска помош за опремување на учениците од сите основни училишта на територијата на општина Кочани со сет униформи (горен дел), на барање и позитивен став и поддршка од Советите на родители на сите основни училишта во општината, Бр. 09-1448/1 од 23.09.2024 година, Советот на Општина Кочани бара согласно можностите во Буџетот на Општина Кочани за 2025 година, да се планираат и финансиски да се покријат дел од трошоците за набавка на унифицирани сет униформи за учениците во општинските основни училишта.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1485/1
30.09.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на член 39 став 1 од Законот за заштита на правата на пациентите (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.82/08, 12/09, 190/19 и 122/21), Советот на општина Кочани на седницата одржана на 30.09.2024 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за формирање Комисија за унапредување на правата на пациентите на подрачјето на општина Кочани

I

Се формира Комисија за унапредување на правата на пациентите на подрачјето на општина Кочани во состав:

1. Јован Ананиев, проф.на УГД „Гоце Делчев“ Штип, член на организација за човекови права;
2. Кристијан Јованов, адвокат и магистер по правни науки, член на здружението за човекови права;
3. Лила Мицовска, тех.секретар во Здружение за телесни инвалиди „Мобилност“, член здружение за лица со попреченост;

4. Жаклина Пауновска-Ангелковиќ, вработена во Општина Кочани, член на здружение за права на жените;
5. Јордан Синадинов, вработен во Фонд за здравствено осигирување, член ан здружение за права на пациентите;
6. Фиданчо Миладинов,вработен во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Кочани, член на здружение за права на пациентите;
7. Дарко Иванов, доктор во ЈЗУ Општа болница Кочани, претставник од од ЈЗУ;
8. Оливера Цимбаливеќ, доктор ЈЗУ Општа болница Кочани, претставник од од ЈЗУ;
9. Душанка Горгиева Трпевски- Член на Советот на Општина Кочани
10. Лазо Митев - Претседател на Советот на Општина Кочани
11. Гоце Марков -Член на Советот на Општина Кочани

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во "Службен гласник на општина Кочани".

Бр.09-1481/1
30.09.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

# СОДРЖИНА

1.Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Кочани за 2024 година, Бр.09-1480/1

Стр.3

2.Одлука за измена на распоред на средства и проширување на средствата на буџетот на Општина Кочани за 2024 година, Бр.09-1479/1

Стр.5

3.Одлука за непроширување на плански опфат во идната урбанистичко - планска докумен-тација за бесправно изградените објекти на КП бр. 5967/1 КО Тркање и КП бр. 1510/1 КО Горни Подлог, кои се изградени надвор од плански опфат, Бр.09-1482/1

Стр.8

4.Одлука за неусогласување на намените во идната урбанистичко-планска документација за бесправно изградените објекти на КП бр.16519, КП бр.11122, КП бр.4738/1, КП бр.9985/1 и КП бр.4766/3 КО Кочани, чија намена не е во согласност со намената на земјиштето на кое се изградени објектите утврдена во важечката урбанистичко-планска документација, Бр.09-1483/1

Стр.8

5.Одлука за проширување на плански опфат во идната урбанистичко-планска документација за бесправно изградениот објект на КП бр. 926/1 и КП бр. 927/1 КО Пантелеј, КП бр.8218 КО Кочани, КП бр. 1011 КО Тркање и КП бр. 3877 КО Полаки, кои се изградени надвор од плански опфат, Бр.09-1484/1

Стр.10

6.Одлука за вршење на техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП Б68.15, (КП 14280/1 и КП 14280/2 КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.) , Бр.09-1486/1

Стр.11

7.Заклучок за усвојување на извештаите за работењето на општинските средни училишта за учебната 2023 -2024 година, Бр.09-1475/1

Стр.12

8.Заклучок за усвојување на годишните програми за работа на општинските средни училишта за учебната 2024 - 2025 година, Бр.09-1476/1

Стр.12

9.Заклучок за давање согласност за формирање комбинирана паралелка со помал број ученици во ООУ„Крсте Петков Мисирков"с.Оризари- Кочани во ПУ с. Прибачево за учебната 2024-2025 година, Бр.09-1477/1

Стр.13

10.Заклучок за давање согласност на ОУ„ Св.Кирил и Методиј"- Кочани за формирање паралелки со помал број ученици за учебната 2024-2025 година, Бр.09-1478/1

Стр.15

11.Заклучок во врска со Барање за обезбедување на финансиска помош за опремување на учениците од сите основни училишта на територијата на општина Кочани со сет униформи (горен дел), на барање и позитивен став и поддршка од Советите на родители на сите основни училишта во општината, Бр.09-1485/1

Стр. 17

12.Решение за формирање Комисија за унапредување на правата на пациентите на подрачјето на општина Кочан, Бр.09-1481/1

Стр.17